Трговско друштво за внатрешен и надворешен промет и услуги
КОП КОМПАНИ
ДОО експорт-импорт Скопје
Бр. 01/1/2026
16.02.2026 год.

Архивски број: 03-621/1
Датум: 13-02-2026

РАМКОВНА СПОГОДБА
за јавна набавка на услуги - одржување и поправка на службените моторни возила

Склучен помеѓу:

1.МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ, со седиште на ул.„Даме Груев", бр.12 - Скопје, претставувано од м-р Гордана Димитриеска - Кочоска, министер за финансии, во натамошниот текст: договорен орган и

2. Трговско друштво за внатрешен и надворешен промет и услуги КОП КОМПАНИ ДОО експорт-импорт Скопје, со седиште на ул.„Јужноморавски бригади" бр.112 Скопје, претставувано од Катерина Коп, управител, во натамошниот текст: носител на набавката.

## ПРЕДМЕТ НА СПОГОДБАТА

Член 1

Предмет на оваа спогодба е извршување на услугата - одржување и поправка на службените моторни возила на Министерството за финансии.

Предметот на рамковната спогодба ќе се реализира согласно утврденото во техничката спецификација од тендерската документација - Прилог 1 кон рамковната спогодба.

Услугата од став 1 на овој член опфаќа автомеханичарски и автоелектричарски услуги, со замена на потрошни и резервни делови, во чиешто вградување ќе биде вклучена и работната рака, автолимарски, транспортни и автолакерски услуги.

Составен дел на оваа спогодба е понудата на носителот на набавката дадена како Прилог 2 кон рамковната спогодба.

Член 2

Рамковната спогодба ќе се извршува согласно со условите во техничките спецификации, а поединечните договори/нарачки ќе се доделуваат во согласност со условите од рамковната спогодба.

Носителот на набавката со потпишувањето на оваа рамковна спогодба се согласува и ги прифаќа во целост обврските и условите кои се утврдени во оваа рамковна спогодба и прилозите кон истата.

## ЈАЗИК НА РАМКОВНАТА СПОГОДБА

Член 3

Јазик на Рамковната спогодба и на другите документи кои претставуваат составен дел на Рамковната спогодба е македонскиот јазик.

Јазик на целата комуникација во писмена и електронска форма помеѓу договорните страни е на македонски јазик.

## ВРЕДНОСТ НА РАМКОВНАТА СПОГОДБА

Член 4

Максималната вредност на спогодбата е 1.600.000,00 денари без пресметан данок на додадена вредност.

На износот од став 1 на овој член се пресметува данок на додадена вредност во износ од 288.000,00 денари.

Максималната вредност на спогодбата со пресметан данок на додадена вредност изнесува 1.888.000,00 денари.

Договорниот орган не е обврзан да го реализира целиот износ од став 3 на овој член.

Рамковната спогодба ќе се реализира согласно прифатените единечни цени од финансиката понуда на носителот на набавката содржани во Прилогот 2 кон спогодбата.

Единечната цена на резервните/потрошните делови кои се предвидени во финансиската понуда е со вклучена работна рака за вградување на резервниот/потрошниот дел.

Единечните цени за извршување на услугите се утврдени во финансиката понуда дадена како Прилог 2 кон спогодбата.

Работната рака за услуги за кои не е потребна промена/вградување на резервен дел/потрошен дел и за вградување на резервни делови/потрошни делови кои не се вклучени во понудата се изразува во работен час и истиот е утврден во финансиката понуда дадена како Прилог 2 кон спогодбата.

Цената на услугата за замена на резервниот или потрошниот дел кој не е предвиден во финансиската понуда дадена како Прилог 2 ќе се фактурира според цените на резервните и потрошните делови со максимум 15% маржа на набавната цена на деловите при нивно вградување во возилото, според набавната цена на оригинален дел и потребниот работен час, цената на работниот час од финансиската понуда за соодветниот тип на возило и данокот на додадена вредност.

При реализација на рамковната спогодба не се предвидува корекција на цените, односно единечните цените искажани во понудата на носителот на набавката ќе бидат фиксни за целото времетраење на рамковната спогодба.

## ВАЖНОСТ НА СПОГОДБАТА

Член 5

Спогодбата е со важност од 12 (дванаесет) месеци сметано од денот на потпишувањето од двете договорни страни или до нејзино вредносно исполнување во зависност од тоа што прво ќе настане.

## НАЧИН НА ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГИТЕ

Член 6

Страните на спогодбата се согласни извршувањето на секоја услуга која е предмет на оваа спогодба задолжително да се одвива на следниов начин:

- барање на договорниот орган да се изврши одредена услуга;
- издавање на предлог-пресметка (понуда/профактура) од носителот на набавката;
- издавање на писмено одобрение за извршување на услугата од договорниот орган и
- извршување на услугите од носителот на набавката.

**Барање за поправка или интервенција на возила**

Член 7

Доколку договорниот орган, односно претставникот на договорниот орган - корисник на возилото има потреба од поправка или интервенција на одредено возило, задолжително се обраќа до носителот на набавката (писмено, телефонски или преку електронска пошта, во зависност од потребата) со барање да му се издаде предлог-пресметка (понуда/про-фактура) за истата.

## Издавање на предлог-пресметка (понуда/про-фактура)

Член 8

Носителот на набавката е должен на барање на договорниот орган да издаде предлог-пресметка (понуда/про-фактура) за одредена поправка или интервенција на возило, во рок што ќе го определи договорниот рок.

Носителот на набавката во предлог-пресметката задолжително наведува:

-опис на услугата што треба да се изврши со единечни цени за услугата согласно со цените дадени во Прилогот 2 кон оваа спогодба за потрошни делови или резервни делови кои не се содржани во понудата на носителот на набавката, доставен опис на услугите со пресметани максимум 15% маржа од набавната цена на деловите при нивно вградување во возилото според набавната цена на оригинален дел за услугите и резервните и потрошните делови кои не се предвидени во понудата.

- за докажување на висината на маржата носителот на набавката ќе биде должен да достави и примерок од фактура од испорачателот на резервниот дел или официјален ценовник од производителот на делот или друг доказ со кој може да ја докаже набавната цена, со дополнителни информации кои се дел од набавната цена.

- име и презиме на корисникот на возилото кое побарало предлог-пресметка;

- рок во кој ќе се изврши конкретната услуга сметано од денот на донесување на возилото во сервисниот центар.

Утврдувањето на рокот од став 2, алинеја 3 на овој член носителот на набавката е должен да го врши врз основа на реална проценка за времето потребно да се изврши конкретната услуга.

Времето потребно за извршување на сите видови на услуги кои се опфатени со одржувањето и поправката на возилата се искажува во работни часови.

Работниот час е временски период во кој носителот на набавката ќе ја изврши услугата и е во траење од 60 минути.

Ако времетраењето за извршување на услугата е помало од 60 минути, тогаш времетраењето на часот се искажува во децимали, односно минутите поминати во извршување на услугата се делат со 60.

Носителот на набавката е должен да извршува прием на возилото за одржување и поправка во секое време (во рамки на своето работно време) без одложување.

Носителот на набавката е должен по прием на возилото да обезбеди сместување на возилото со соодветна заштита.

Носителот на набавката се обврзува по завршување на одржувањето и поправката, возилото да го врати во исправна состојба.

Доколку во текот на приемот на сервисираните возила, се утврди дека резервните делови/потрошни делови не одговараат по вид и количина, носителот на набавката е должен истите да ги замени во рок од 3 (три) работни дена.

**Писмено одобрение**

Член 9

Договорниот орган ја разгледува предлог-пресметката, проверува дали истата е во согласност со оваа спогодба и врз основа на процена за оправданоста за извршување на услугата и реалните пазарни цени дава одобрение на носителот на набавката.

Носителот на набавката ќе пристапи кон извршување на услугата само по добивање на писмено одобрение дадено од договорниот орган.

Писменото одобрение за договорниот орган го издава Министерство за финасии-Секторот за правни работи.

**Усно одобрение**

Член 10

По исклучок од член 9 на оваа спогодба, во итни случаи, договорниот орган може да му даде на носителот на набавката усно одобрение за извршување на услугата.

Носителот на набавката е должен да пристапи кон извршување на услугата за која е дадено усно одобрение и тоа го констатира во работниот налог со наведување на лицето што го дало усното одобрение.

Договорниот орган е должен по даденото усно одобрение да достави и писмено одобрение до носителот на набавката, во рок од 7 (седум) работни дена.

За лицата кои можат да дадат усно одобрение во итни случаи договорниот орган ќе го извести носителот на набавката по потпишувањето на оваа спогодба.

**Извршување на услугите**

Член 11

Носителот на набавката по добиеното одобрение пристапува кон извршување на услугата за која издал предлог-пресметката.

Доколку во текот на извршување на одобрената услуга носителот на набавката утврди дека е потребна дополнителна интервенција, тој е должен да направи дополнување на предлог-пресметката и истата да ја достави на одобрување до договорниот орган, а по добиеното одобрение да ја изврши дополнителната услуга.

## РОК НА ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГИТЕ

Член 12

Носителот на набавката е должен да ја изврши услугата во рокот кој е предложен во предлог-пресметката, а е прифатен од страна на договорниот орган.

Рокот од став 1 на овој член почнува да тече од моментот кога возилото е донесено во сервисниот центар во закажаниот термин за сервис и е дадено на увид писмена согласност од договорниот орган за сервисирање на возилото.

## НАЧИН И РОК НА ПЛАЌАЊЕ

Член 13

Плаќањето ќе се врши по извршена услуга, а врз основа на доставена фактура од страна на носителот на набавката.

Фактурата за извршената услуга се доставува на договорниот орган на следнава адреса: Министерство за финансии, ул.„Даме Груев" бр. 12, Скопје.

Договорниот орган ќе го врши плаќањето во рок до 30 (триесет) календарски дена од денот на приемот на фактурата во писарницата на договорниот орган.

Кон фактурата задолжително се приложува работниот налог за извршената услуга потпишан, со полно име и презиме од лицето што го презема возилото од страна на договорниот орган и претставникот на носителот на набавката кој го предава возилото.

Доколку фактурата отстапува од одобрената предлог-пресметка или кон неа не е приложен работниот налог, фактурата нема да биде платена и ќе биде вратена на носителот на набавката заради докомплетирање или доставување на исправна фактура.

## ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

Член 14

Носителот на набавката се обврзува дека ќе ја врши услугата редовно, навремено и квалитетно согласно со пропишаните стандарди.

Носителот на набавката се обврзува дека при одржувањето и поправката на возилата ќе вградува оригинални резервни и потрошни делови.

За деловите кои се вградуваат во возилата носителот на набавката е должен да обезбеди гарантни листови.

Носителот на набавката се обврзува на возилата на договорниот орган по можност да им даде приоритет пред другите поединечни корисници на услуги затекнати во сервисниот центар на носителот на набавката.

Член 15

Носителот на набавката се обврзува дека ќе ги обезбедува услугите од член 1 на оваа спогодба и за возилата со кои договорниот орган дополнително ќе се стекне за време на важење на оваа спогодба, а за што писмено ќе биде известен.

Член 16

Носителот на набавката се обврзува дека секоја извршена интервенција ќе ја евидентира во сервисната книшка за возилото на договорниот орган.

Носителот на набавката се обврзува за секое возило на договорниот орган да води компјутерска евиденција за извршените интервенции, а на барање на договорниот орган да му отпечати примерок од евиденцијата.

Евиденцијата од став 2 на овој член треба да ги содржи најмалку следниве податоци: регистерски број на возилото, марка и тип, датум на извршена интервенција, вид на извршена интервенција со опис на заменетите потрошни делови и резервни делови и состојбата на километражата.

Носителот на набавката се обврзува дека за секоја извршена интервенција ќе издава работен налог, кој треба да биде потпишан со цело име и презиме од лицето што го презема возилото од страна на договорниот орган и претставник на носителот на набавката кој го предава возилото.

Работниот налог задолжително треба да ги содржи следниве податоци: марката и типот, регистерскиот број и состојбата на бројчаникот за изминати километри на возилото и видот на интервенции, заменетите резервни и потрошни делови со количини.

Член 17

Носителот на набавката е материјално одговорен за возилата кои ги презема од договорниот орган.

Носителот на набавката во случај на неквалитетно извршени услуги на возилата на договорниот орган, одговара за евентуалните штети.

Носителот на набавката е одговорен за евентуалните злоупотреби од страна на персоналот во сервисниот центар на носителот на набавката.

## ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

Член 18

Договорниот орган е должен да ги исполни обврските за плаќања предвидени со одредбите на оваа спогодба.

Договорниот орган се обврзува дека сите свои возила ќе ги сервисира во сервисните центри на носителот на набавката.

Договорниот орган се обврзува по потпишување на Спогодбата на носителот на набавката да му достави список на службените возила со податоци за возилата (регистерскиот број, годината на производство и бројот на моторот и шасијата).

Договорниот орган се обврзува дека ќе го извести носителот на набавката за сите настанати промени за возилата.

Договорниот орган се обврзува да определи лица за следење на реализацијата на рамковната спогодба и за истото да го извести носителот на набавката.

## ГАРАНЦИЈА НА ИЗВРШЕНАТА УСЛУГА

Член 19

Носителот на набавката е должен да даде гарантни листови за вградените потрошни материјали и резервни делови.

## ДОГОВОРНА КАЗНА

Член 20

За секој ден доцнење во поглед на извршувањето на услугата по приемот на нарачката, носителот на набавката се обврзува на договорниот орган да му плати казна во висина од 0,5% дневно со максимум 10% од вредноста на нарачката.

## ЦЕНТАР ЗА ОДРЖУВАЊЕ И СЕРВИСИРАЊЕ НА ВОЗИЛАТА

Член 21

Носителот на набавката се обврзува дека возилата на договорниот орган ќе ги сервисира во сервисниот центар на КОП компани ул.„Јужноморавски бригади“ бр.112 во Скопје.

## УСЛОВИ ЗА РАСКИНУВАЊЕ НА СПОГОДБАТА

Член 22

Оваа спогодба може да се раскине спогодбено во согласност на двете договорни страни.

Член 23

Оваа спогодба може да се раскине и еднострано поради непридржување или неисполнување на договорните обврски утврдени со оваа спогодба.

Договорната страна која поради непридржување или неисполнување на договорните обврски го раскинува спогодбата, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање во писмена форма.

Спогодбата се смета за раскината со денот на приемот на известувањето за раскинување на Спогодбата.

Доколку дојде до раскинување на спогодбата поради неисполнување или ненавремено исполнување на обврските на спогодбата од страна на носителот на набавката, носителот на набавката ќе биде одговорен за евентуалната штета што би ја предизвикал на договорниот орган како директна или индиректна последица на неговото работење.

Член 24

Кога една од страните на спогодбата нема да ја исполни својата обврска, договорната страна може да бара исполнување на обврската од другата договорна страна или да ја раскине спогодбата, а во секој случај има право на надомест на штетата.

Член 25

Кога договорната страна нема да ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна може да и остави примерен дополнителен рок за исполнување на обврската.

Рокот од став 1 на овој член може да биде продолжен само по писмено барање на носителот на набавката и писмена согласност од договорниот орган.

Ако договорната страна која не ја исполнила својата обврска во определениот рок, не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, другата договорна страна може да ја раскине спогодбата.

## ВИША СИЛА

Член 26

Ниту една од страните на спогодбата нема да биде одговорна за неисполнување на обврските од оваа спогодба до кое би дошле заради виша сила.

Под виша сила се подразбираат настани или околности на кои страните на спогодбата не можат да влијаат и се надвор од нивната контрола, а го попречуваат нормалното извршување на спогодбата (елементарни непогоди, воени дејства, граѓански немири, штрајкови и сл.).

Вишата сила не вклучува настан што е предизвикан од небрежност или намерна активност што би предизвикала застој во извршувањето на обврските од спогодбата.

Ако една од страните на спогодбата е спречена да ги исполнува своите обврски заради виша сила, должна е веднаш писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

За времетраењето на вишата сила сите права и обврски од оваа спогодба мируваат.

Страните на спогодбата се обврзуваат на ист начин да ја известат договорната страна за повторното воспоставување на нормални услови за извршување на спогодбата, односно за престанокот на дејството на вишата сила.

По отстранувањето на вишата сила спогодбата продолжува да се реализира.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 27

Изменувања и дополнувања на спогодбата можат да се вршат со заедничка согласност на Страните на спогодбата по писмен пат.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување на спогодбата е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Спогодбата може да се изменува и дополнува со анекс на спогодбата потпишан од договорните страни во согласност со Законот за јавните набавки.

Член 28

За сé што не е предвидено со оваа спогодба, се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи, Законот за јавните набавки и од другите позитивни прописи во Република Северна Македонија.

Член 29

Во случај на спор, страните на спогодбата се согласни спорот да го решат спогодбено, а доколку во тоа не успеат, согласни се спорот да го решава предметно надлежниот суд во Скопје.

Член 30

Обработката на личните податоци при реализацијата на оваа спогодба ќе биде во согласност со Законот за заштита на личните податоци.

Член 31

Оваа спогодба е составена во 4 (четири) еднообразни примероци од кои 2 (два) примероци за договорниот орган и 2 (два) за носителот на набавката.

ДОГОВОРЕН ОРГАН:

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

СКОПЈЕ

Министер за финансии
м-р Гордана Димитриеска – Кочоска

НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА:

Трговско друштво за внатрешен и надворешен промет и услуги
КОП КОМПАНИ ДОО експорт-импорт
СКОПЈЕ

Управител
Катерина Коп

Изработил: Панче Чоневски
Контролирал: Рената Николоска
Даниела Јанкова
Проверил: м-р Маја Стаменковска Угриновска
Михајло Михајловски
Проверил: Андреј Ангеловски
Ирена Петковски
Согласен: д-р Андриана Матлиоска

ТЕХНИЧКИ СПЕЦИФИКАЦИИ **Прилог 1**

Детална спецификација на службените моторни возила на Министерството за финансии кои се предмет на јавната набавка за нивно одржување е дадена во Списокот на службени возила што е приложен кон оваа тендерска документација (Прилог кон тендерската документација).
Во списокот се дадени податоци за марката и типот на возилото, годината на производство, силата и работната зафатнина на моторот, бројот на моторот и шасијата и корисникот.

Податоците што се дадени за возилата можат да му помогнат на економскиот оператор за формирањето на цената при изготвувањето на понудата.

Одржувањето и поправката на возилата ќе се врши во период од 12 (дванаесет) месеци, а според потребите и на барање на договорниот орган.

За време на важењето на Спогодбата што ќе се склучи со избраниот носител на набавката може да дојде до промена во списокот на возилата или други податоци, односно да се дополни со возило со кое договорниот орган дополнително ќе се стекне.

Под одржување и поправка на службените моторни возила се подразбира автомеханичарски и автоелектричарски услуги, со замена на потрошни и резервни делови во чиешто вградување ќа биде вклучена и работната рака, автолимарски, транспортни и автолакерски услуги.

Договорниот орган за извршување на услугите за одржување и поправка на возилата бара од економските оператори во својата понуда да предвидат вградување исклучиво на оригинални резервни и потрошни делови, согласно предвидените нормативи.

Услугите предмет на набавката задолжително ќе се извршуваат во општините што го сочинуваат Скопскиот регион, од причина што Министерството за финансии располага со 44 службени моторни возила, од кои најголемиот дел се распоредени во Скопје.

**Покрај задолжителното место на извршување на услугите, истите можат да се извршуваат и во другите градови на територијата на Република Северна Македонија, доколку економскиот оператор располага со сервисни центри за извршување на услугите предмет на набавката.**

Економските оператори треба да доставaт понуда за сите марки на возила од Списокот прилог кон тендерската документација.
Единечните цени ќе се користат за евалуација, а при реализација на Спогодбата, договорниот орган го задржува правото одредени ставки да ги искористи во повеќе наврати, а одредени ставки воопшто да не ги искористи.
Кај сукцесивните набавки каде има многу ставки, може да се случи вкупната цена на понудата како збир на сите ставки да е повисока од износот на обезбедени средства.
За овие случаи, Договорниот орган наведува дека Спогодбата ќе се склучи до вредноста на обезбедените средства и ќе се троши колку што има средства на располагање и во зависност од потребите.

Прилог 2

**Образец на понуда**

Врз основа на огласот 22748/2025 објавен од страна на Министерство за Финансии, за Одржување и поправка на службените моторни возила, со спроведување на набавка од Поедноставена отворена постапка, и тендерската документација, ја поднесуваме следнава:

**П О Н У Д А**

**Дел I – Информации за понудувачот**

I.1. Име на понудувачот: Трговско друштво за внатрешен и надворешен промет и услуги КОП КОМПАНИ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје

I.2. Контакт информации

- Адреса: ЈУЖНОМОРАВСКИ БРИГАДИ 112
- Телефон:02/2533111
- Факс: 022533-111
- Е-пошта: katerina.blazevska7@Gmail.com
- Лице за контакт: Катерина Блажевска

I.3. Одговорно лице: Катерина Коп

I.4. Даночен број: 4030993215792

I.5. Матичен број: 4645286

I.6 Жиро сметка:210-0464-528-601-79

I.7 Банка Депонент:Тутунска банка ад Скопје

**Елементи на понудата**

- Потврда за платени даноци, придонеси и други јавни давачки од надлежен орган од земјата каде економскиот оператор е регистриран

- Изјава дека во последните 5 години не е изречена правосилна судска пресуда за сторено кривично дело од член 88 став 1 од ЗЈН

- Единствен документ за јавни набавки

- Документ за регистрирана дејност

- со опис на техничкиот персонал и техничките органи кои ќе учествуваат во извршувањето на јавната набавка, особено на оние кои се одговорни за контролата на квалитетот, а во случај на јавна набавка на работи, оние што ќе бидат вклучени во изведување на работите, без оглед на тоа дали се вработени во економскиот оператор или не

- со опис на техничките услови и мерки кои економскиот оператор ги користи за да обезбеди квалитет како и со опис на своите капацитети за развој и истражување

- Изјава за сериозност

- Техничка понуда

- Финансиска понуда

**Овој образец не се потпишува своерачно, туку исклучиво електронски, со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него.*

# Дел I Финансиска понуда

Врз основа на огласот 22748/2025 објавен од страна на Министерство за Финансии, за Одржување и поправка на службените моторни возила, со спроведување на набавка од Поедноставена отворена постапка и тендерската документација ја поднесуваме следнава:

# Финансиска понуда

| Реден број | Шифра | Име на продукт | Мерна единица | Количина | Единечна цена | Вкупна цена (без ДДВ) | ДДВ | Цена со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 34640000-5 | Моторно масло за ФИАТ ПУНТО (бензин) | Литар | 1,00 | 600,00 | 600,00 | (18%) 108,00 | 708,00 |
| 2 | 34640000-5 | Филтер за масло за ФИАТ ПУНТО (бензин) со вклучена работна рака | Парче | 1,00 | 600,00 | 600,00 | (18%) 108,00 | 708,00 |
| 3 | 34640000-5 | Филтер за воздух за ФИАТ ПУНТО (бензин) со вклучена работна рака | Парче | 1,00 | 900,00 | 900,00 | (18%) 162,00 | 1.062,00 |
| 4 | 34640000-5 | Филтер за вентилација за ФИАТ ПУНТО (бензин) со вклучена работна рака | Парче | 1,00 | 750,00 | 750,00 | (18%) 135,00 | 885,00 |
| 5 | 34640000-5 | Масло за менувач за ФИАТ ПУНТО (бензин) | Литар | 1,00 | 600,00 | 600,00 | (18%) 108,00 | 708,00 |
| 6 | 34640000-5 | Масло за серво волан за ФИАТ ПУНТО (бензин) | Литар | 1,00 | 500,00 | 500,00 | (18%) 90,00 | 590,00 |
| 7 | 34640000-5 | Сијалица за штоп за ФИАТ ПУНТО (бензин) со вклучена работна рака | Парче | 1,00 | 150,00 | 150,00 | (18%) 27,00 | 177,00 |
| 8 | 34640000-5 | Сијалица за фар за ФИАТ ПУНТО (бензин) со вклучена работна рака | Парче | 1,00 | 350,00 | 350,00 | (18%) 63,00 | 413,00 |
| 9 | 34640000-5 | Сијалица за позиција за ФИАТ ПУНТО (бензин)<br><br>со вклучена работна рака | Парче | 1,00 | 80,00 | 80,00 | (18%) 14,40 | 94,40 |
| 10 | 34640000-5 | Дестилирана вода | Литар | 1,00 | 50,00 | 50,00 | (18%) 9,00 | 59,00 |
| 11 | 34640000-5 | Возачка метлица за ФИАТ ПУНТО (бензин)<br><br>со вклучена работна рака | Парче | 1,00 | 500,00 | 500,00 | (18%) 90,00 | 590,00 |
| 12 | 34640000-5 | Совозачка метлица за ФИАТ ПУНТО (бензин) со вклучена работна рака | Парче | 1,00 | 500,00 | 500,00 | (18%) 90,00 | 590,00 |
| 13 | 34640000-5 | Јабучица за ФИАТ ПУНТО (бензин) со вклучена работна рака | Парче | 1,00 | 1.000,00 | 1.000,00 | (18%) 180,00 | 1.180,00 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 14 | 34640000-5 | Сајла за рачна кочница за ФИАТ ПУНТО (бензин) со вклучена работна рака | Парче | 1,00 | 1.300,00 | 1.300,00 | (18%) 234,00 | 1.534,00 |
| 15 | 34640000-5 | Сензор за температура за ФИАТ ПУНТО (бензин) со вклучена работна рака | Парче | 1,00 | 500,00 | 500,00 | (18%) 90,00 | 590,00 |
| 16 | 34640000-5 | Сензор за брегасти за ФИАТ ПУНТО (бензин) со вклучена работна рака | Парче | 1,00 | 500,00 | 500,00 | (18%) 90,00 | 590,00 |
| 17 | 34640000-5 | Црево за вода за ФИАТ ПУНТО (бензин) со вклучена работна рака | Парче | 1,00 | 600,00 | 600,00 | (18%) 108,00 | 708,00 |
| 18 | 34640000-5 | Црево за гориво за ФИАТ ПУНТО (бензин) со вклучена работна рака | Парче | 1,00 | 400,00 | 400,00 | (18%) 72,00 | 472,00 |
| 19 | 34640000-5 | Термостат за ФИАТ ПУНТО (бензин) со вклучена работна рака | Парче | 1,00 | 1.800,00 | 1.800,00 | (18%) 324,00 | 2.124,00 |
| 20 | 34640000-5 | Куќиште за термостат за ФИАТ ПУНТО (бензин) со вклучена работна рака | Парче | 1,00 | 1.500,00 | 1.500,00 | (18%) 270,00 | 1.770,00 |
| 21 | 34640000-5 | Подигач за прозор за ФИАТ ПУНТО (бензин) со вклучена работна рака | Парче | 1,00 | 3.500,00 | 3.500,00 | (18%) 630,00 | 4.130,00 |
| 22 | 34640000-5 | Средства за брисачи | Литар | 1,00 | 200,00 | 200,00 | (18%) 36,00 | 236,00 |
| 23 | 34640000-5 | Акумулатор за ФИАТ ПУНТО (бензин) со вклучена работна рака | Парче | 1,00 | 5.500,00 | 5.500,00 | (18%) 990,00 | 6.490,00 |
| 24 | 34640000-5 | Глицерин | Литар | 1,00 | 650,00 | 650,00 | (18%) 117,00 | 767,00 |
| 25 | 34640000-5 | Лагер за предно тркало за ФИАТ ПУНТО (бензин) со вклучена работна рака | Парче | 1,00 | 2.550,00 | 2.550,00 | (18%) 459,00 | 3.009,00 |
| 26 | 34640000-5 | Лагер за задно тркало за ФИАТ ПУНТО (бензин) со вклучена работна рака | Парче | 1,00 | 3.000,00 | 3.000,00 | (18%) 540,00 | 3.540,00 |
| 27 | 34640000-5 | Огледало за ретровизор за ФИАТ ПУНТО (бензин) со вклучена работна рака | Парче | 1,00 | 1.400,00 | 1.400,00 | (18%) 252,00 | 1.652,00 |
| 28 | 34640000-5 | Капак за ретровизор за ФИАТ ПУНТО (бензин) со вклучена работна рака | Парче | 1,00 | 1.600,00 | 1.600,00 | (18%) 288,00 | 1.888,00 |
| 29 | 34640000-5 | Панцир црево за ФИАТ ПУНТО (бензин) со вклучена работна рака | Парче | 1,00 | 2.800,00 | 2.800,00 | (18%) 504,00 | 3.304,00 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 30 | 34640000-5 | Фар преден за ФИАТ ПУНТО (бензин) со вклучена работна рака | Парче | 1,00 | 9.000,00 | 9.000,00 | (18%) 1.620,00 | 10.620,00 |
| 31 | 34640000-5 | Прекинувач за четири трепкачи за ФИАТ ПУНТО (бензин) со вклучена работна рака | Парче | 1,00 | 400,00 | 400,00 | (18%) 72,00 | 472,00 |
| 32 | 34640000-5 | Антифриз | Литар | 1,00 | 500,00 | 500,00 | (18%) 90,00 | 590,00 |
| 33 | 34640000-5 | Водна пумпа за ФИАТ ПУНТО (бензин) со вклучена работна рака | Парче | 1,00 | 3.500,00 | 3.500,00 | (18%) 630,00 | 4.130,00 |
| 34 | 34640000-5 | Ребраст ремен за ФИАТ ПУНТО (бензин) со вклучена работна рака | Парче | 1,00 | 2.450,00 | 2.450,00 | (18%) 441,00 | 2.891,00 |
| 35 | 34640000-5 | Канален ремен за ФИАТ ПУНТО (бензин) со вклучена работна рака | Парче | 1,00 | 1.470,00 | 1.470,00 | (18%) 264,60 | 1.734,60 |
| 36 | 34640000-5 | Затегач за ребраст ремен за ФИАТ ПУНТО (бензин) со вклучена работна рака | Парче | 1,00 | 3.400,00 | 3.400,00 | (18%) 612,00 | 4.012,00 |
| 37 | 34640000-5 | Затегач за канален ремен за ФИАТ ПУНТО (бензин) со вклучена работна рака | Парче | 1,00 | 3.900,00 | 3.900,00 | (18%) 702,00 | 4.602,00 |
| 38 | 34640000-5 | Ладилник за ФИАТ ПУНТО (бензин) со вклучена работна рака | Парче | 1,00 | 6.000,00 | 6.000,00 | (18%) 1.080,00 | 7.080,00 |
| 39 | 34640000-5 | Штоп преден за ФИАТ ПУНТО (бензин) со вклучена работна рака | Парче | 1,00 | 600,00 | 600,00 | (18%) 108,00 | 708,00 |
| 40 | 50118400-9 | Работна рака за услуги за ФИАТ ПУНТО (бензин) за кои не е потребна промена/вградување на резервен дел/потрошен дел и за вградување резервни делови/потрошни делови кои не се вклучени во понудата | Час | 1,00 | 1.500,00 | 1.500,00 | (18%) 270,00 | 1.770,00 |
| 41 | 50118400-9 | Исправање на бандажи за ФИАТ ПУНТО (бензин) | Парче | 1,00 | 600,00 | 600,00 | (18%) 108,00 | 708,00 |
| 42 | 50118400-9 | Балансирање на тркала за ФИАТ ПУНТО (бензин) | Парче | 1,00 | 400,00 | 400,00 | (18%) 72,00 | 472,00 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 43 | 50118400-9 | Центрирање на возило за ФИАТ ПУНТО (бензин) | Парче | 1,00 | 1.600,00 | 1.600,00 | (18%) 288,00 | 1.888,00 |
| 44 | 50118400-9 | Штелување на преден трап за ФИАТ ПУНТО (бензин) | Парче | 1,00 | 1.000,00 | 1.000,00 | (18%) 180,00 | 1.180,00 |
| 45 | 50118400-9 | Штелување на заден трап за ФИАТ ПУНТО (бензин) | Парче | 1,00 | 1.000,00 | 1.000,00 | (18%) 180,00 | 1.180,00 |
| 46 | 50118400-9 | Демонтажа/монтажа на гуми за ФИАТ ПУНТО (бензин) (комплет 4 гуми) | Парче | 1,00 | 250,00 | 250,00 | (18%) 45,00 | 295,00 |
| 47 | 50118400-9 | Лепење на гума за ФИАТ ПУНТО (бензин) | Парче | 1,00 | 150,00 | 150,00 | (18%) 27,00 | 177,00 |
| 48 | 50118400-9 | Промена на моторно масло за ФИАТ ПУНТО (бензин) | Парче | 1,00 | 600,00 | 600,00 | (18%) 108,00 | 708,00 |
| 49 | 50118400-9 | Промена на масло за менувач за ФИАТ ПУНТО (бензин) | Парче | 1,00 | 850,00 | 850,00 | (18%) 153,00 | 1.003,00 |
| 50 | 50118400-9 | Промена на Масло за серво волан за ФИАТ ПУНТО (бензин) | Парче | 1,00 | 800,00 | 800,00 | (18%) 144,00 | 944,00 |
| 51 | 50118400-9 | Шлепување на возило ФИАТ ПУНТО (бензин) во подрачјето на град Скопје | Парче | 1,00 | 2.000,00 | 2.000,00 | (18%) 360,00 | 2.360,00 |
| 52 | 50118400-9 | Шлепување на возило ФИАТ ПУНТО (бензин) надвор од Скопје по км | Парче | 1,00 | 200,00 | 200,00 | (18%) 36,00 | 236,00 |
| 53 | 34640000-5 | Моторно масло за Хонда | Литар | 1,00 | 1.000,00 | 1.000,00 | (18%) 180,00 | 1.180,00 |
| 54 | 34640000-5 | Филтер за масло за Хонда со вклучена работна рака | Парче | 1,00 | 900,00 | 900,00 | (18%) 162,00 | 1.062,00 |
| 55 | 34640000-5 | Филтер за воздух за Хонда со вклучена работна рака | Парче | 1,00 | 1.200,00 | 1.200,00 | (18%) 216,00 | 1.416,00 |
| 56 | 34640000-5 | Филтер за вентилација за Хонда со вклучена работна рака | Парче | 1,00 | 1.200,00 | 1.200,00 | (18%) 216,00 | 1.416,00 |
| 57 | 34640000-5 | Масло за менувач за Хонда | Литар | 1,00 | 1.300,00 | 1.300,00 | (18%) 234,00 | 1.534,00 |
| 58 | 34640000-5 | Масло за серво волан за Хонда | Литар | 1,00 | 1.300,00 | 1.300,00 | (18%) 234,00 | 1.534,00 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 59 | 34640000-5 | Сијалица за штоп за Хонда со вклучена работна рака | Парче | 1,00 | 300,00 | 300,00 | (18%) 54,00 | 354,00 |
| 60 | 34640000-5 | Сијалица за фар за Хонда со вклучена работна рака | Парче | 1,00 | 1.300,00 | 1.300,00 | (18%) 234,00 | 1.534,00 |
| 61 | 34640000-5 | Сијалица за позиција со вклучена работна рака | Парче | 1,00 | 200,00 | 200,00 | (18%) 36,00 | 236,00 |
| 62 | 34640000-5 | Возачка метлица за Хонда со вклучена работна рака | Парче | 1,00 | 1.000,00 | 1.000,00 | (18%) 180,00 | 1.180,00 |
| 63 | 34640000-5 | Совозачка метлица за Хонда со вклучена работна рака | Парче | 1,00 | 850,00 | 850,00 | (18%) 153,00 | 1.003,00 |
| 64 | 34640000-5 | Акумулатор за Хонда со вклучена работна рака | Парче | 1,00 | 8.000,00 | 8.000,00 | (18%) 1.440,00 | 9.440,00 |
| 65 | 50118400-9 | Работна рака за услуги за Хонда за кои не е потребна промена/вградување на резервен дел/потрошен дел и за вградување резервни делови/потрошни делови кои не се вклучени во понудата | Час | 1,00 | 1.500,00 | 1.500,00 | (18%) 270,00 | 1.770,00 |
| 66 | 50118400-9 | Исправање на бандажи за Хонда | Парче | 1,00 | 700,00 | 700,00 | (18%) 126,00 | 826,00 |
| 67 | 50118400-9 | Балансирање на тркала за Хонда | Парче | 1,00 | 400,00 | 400,00 | (18%) 72,00 | 472,00 |
| 68 | 50118400-9 | Центрирање на возило за Хонда | Парче | 1,00 | 1.800,00 | 1.800,00 | (18%) 324,00 | 2.124,00 |
| 69 | 50118400-9 | Демонтажа/монтажа на гуми за Хонда (комплет 4 гуми) | Парче | 1,00 | 150,00 | 150,00 | (18%) 27,00 | 177,00 |
| 70 | 50118400-9 | Лепење на гума за Хонда | Парче | 1,00 | 150,00 | 150,00 | (18%) 27,00 | 177,00 |
| 71 | 50118400-9 | Промена на моторно масло за Хонда | Парче | 1,00 | 1.200,00 | 1.200,00 | (18%) 216,00 | 1.416,00 |
| 72 | 50118400-9 | Промена на масло за менувач за Хонда | Парче | 1,00 | 1.500,00 | 1.500,00 | (18%) 270,00 | 1.770,00 |
| 73 | 50118400-9 | Промена на масло за серво волан за Хонда | Парче | 1,00 | 1.500,00 | 1.500,00 | (18%) 270,00 | 1.770,00 |
| 74 | 50118400-9 | Шлепување на возило Хонда во подрачјето на град Скопје | Парче | 1,00 | 2.000,00 | 2.000,00 | (18%) 360,00 | 2.360,00 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 75 | 50118400-9 | Шлепување на возило Хонда надвор од Скопје по км | Парче | 1,00 | 200,00 | 200,00 | (18%) 36,00 | 236,00 |
| 76 | 34640000-5 | Моторно масло за ПЕЖО - 307 (бензин) | Литар | 1,00 | 800,00 | 800,00 | (18%) 144,00 | 944,00 |
| 77 | 34640000-5 | Филтер за масло за ПЕЖО - 307 (бензин) со вклучена работна рака | Парче | 1,00 | 600,00 | 600,00 | (18%) 108,00 | 708,00 |
| 78 | 34640000-5 | Филтер за воздух за ПЕЖО - 307 (бензин) со вклучена работна рака | Парче | 1,00 | 850,00 | 850,00 | (18%) 153,00 | 1.003,00 |
| 79 | 34640000-5 | Филтер за вентилација за ПЕЖО - 307 (бензин) со вклучена работна рака | Парче | 1,00 | 740,00 | 740,00 | (18%) 133,20 | 873,20 |
| 80 | 34640000-5 | Масло за менувач за ПЕЖО - 307 (бензин) | Литар | 1,00 | 400,00 | 400,00 | (18%) 72,00 | 472,00 |
| 81 | 34640000-5 | Масло за серво волан за ПЕЖО - 307 (бензин) | Литар | 1,00 | 550,00 | 550,00 | (18%) 99,00 | 649,00 |
| 82 | 34640000-5 | Водна пумпа за ПЕЖО - 307 (бензин) со вклучена работна рака | Парче | 1,00 | 3.500,00 | 3.500,00 | (18%) 630,00 | 4.130,00 |
| 83 | 34640000-5 | ПК Ремен за ПЕЖО - 307 (бензин) со вклучена работна рака | Парче | 1,00 | 1.250,00 | 1.250,00 | (18%) 225,00 | 1.475,00 |
| 84 | 34640000-5 | Сијалица за штоп за ПЕЖО - 307 (бензин) со вклучена работна рака | Парче | 1,00 | 250,00 | 250,00 | (18%) 45,00 | 295,00 |
| 85 | 34640000-5 | Сијалица за фар за ПЕЖО - 307 (бензин)со вклучена работна рака | Парче | 1,00 | 400,00 | 400,00 | (18%) 72,00 | 472,00 |
| 86 | 34640000-5 | Сијалица за позиција за ПЕЖО - 307 (бензин) со вклучена работна рака | Парче | 1,00 | 150,00 | 150,00 | (18%) 27,00 | 177,00 |
| 87 | 34640000-5 | Возачка метлица за ПЕЖО - 307 (бензин) со вклучена работна рака | Парче | 1,00 | 900,00 | 900,00 | (18%) 162,00 | 1.062,00 |
| 88 | 34640000-5 | Совозачка метлица за ПЕЖО - 307 (бензин) со вклучена работна рака | Парче | 1,00 | 700,00 | 700,00 | (18%) 126,00 | 826,00 |
| 89 | 34640000-5 | Акумулатор за ПЕЖО - 307 (бензин) со вклучена работна рака | Парче | 1,00 | 5.000,00 | 5.000,00 | (18%) 900,00 | 5.900,00 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 90 | 50118400-9 | Работна рака за услуги за за ПЕЖО - 307 (бензин) за кои не е потребна промена/вградување на резервен дел/потрошен дел и за вградување на резервни делови/потрошни делови кои не се вклучени во понудата | Час | 1,00 | 1.500,00 | 1.500,00 | (18%) 270,00 | 1.770,00 |
| 91 | 50118400-9 | Исправање на бандажи за ПЕЖО - 307 (бензин) | Парче | 1,00 | 500,00 | 500,00 | (18%) 90,00 | 590,00 |
| 92 | 50118400-9 | Балансирање на тркала за ПЕЖО - 307 (бензин) | Парче | 1,00 | 350,00 | 350,00 | (18%) 63,00 | 413,00 |
| 93 | 50118400-9 | Центрирање на возило за ПЕЖО - 307 (бензин) | Парче | 1,00 | 1.600,00 | 1.600,00 | (18%) 288,00 | 1.888,00 |
| 94 | 50118400-9 | Демонтажа/монтажа на гуми за ПЕЖО - 307 (бензин) (комплет 4 гуми) | Парче | 1,00 | 150,00 | 150,00 | (18%) 27,00 | 177,00 |
| 95 | 50118400-9 | Лепење на гума за ПЕЖО - 307 (бензин) | Парче | 1,00 | 150,00 | 150,00 | (18%) 27,00 | 177,00 |
| 96 | 50118400-9 | Промена на Моторно масло за ПЕЖО - 307 (бензин) | Парче | 1,00 | 800,00 | 800,00 | (18%) 144,00 | 944,00 |
| 97 | 50118400-9 | Промена на Масло за менувач за ПЕЖО - 307 (бензин) | Парче | 1,00 | 400,00 | 400,00 | (18%) 72,00 | 472,00 |
| 98 | 50118400-9 | Промена на Масло за серво волан за ПЕЖО - 307 (бензин) | Парче | 1,00 | 550,00 | 550,00 | (18%) 99,00 | 649,00 |
| 99 | 50118400-9 | Шлепување на возило ПЕЖО - 307 (бензин) во подрачјето на град Скопје | Парче | 1,00 | 2.000,00 | 2.000,00 | (18%) 360,00 | 2.360,00 |
| 100 | 50118400-9 | Шлепување на возило ПЕЖО - 307 (бензин)надвор од Скопје по км | Парче | 1,00 | 200,00 | 200,00 | (18%) 36,00 | 236,00 |
| 101 | 34640000-5 | Моторно масло за СЕАТ - ИБИЦА (бензин) | Литар | 1,00 | 500,00 | 500,00 | (18%) 90,00 | 590,00 |
| 102 | 34640000-5 | Филтер за масло за СЕАТ - ИБИЦА (бензин) со вклучена работна рака | Парче | 1,00 | 500,00 | 500,00 | (18%) 90,00 | 590,00 |
| 103 | 34640000-5 | Филтер за воздух за СЕАТ - ИБИЦА (бензин) со вклучена работна рака | Парче | 1,00 | 600,00 | 600,00 | (18%) 108,00 | 708,00 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 104 | 34640000-5 | Филтер за гориво за СЕАТ - ИБИЦА (бензин) со вклучена работна рака | Парче | 1,00 | 650,00 | 650,00 | (18%) 117,00 | 767,00 |
| 105 | 34640000-5 | Филтер за вентилација за СЕАТ - ИБИЦА (бензин) со вклучена работна рака | Парче | 1,00 | 500,00 | 500,00 | (18%) 90,00 | 590,00 |
| 106 | 34640000-5 | Масло за менувач за СЕАТ - ИБИЦА (бензин) | Литар | 1,00 | 500,00 | 500,00 | (18%) 90,00 | 590,00 |
| 107 | 34640000-5 | Масло за серво волан за СЕАТ - ИБИЦА (бензин) | Литар | 1,00 | 500,00 | 500,00 | (18%) 90,00 | 590,00 |
| 108 | 34640000-5 | Сијалица за штоп за СЕАТ - ИБИЦА (бензин) со вклучена работна рака | Парче | 1,00 | 200,00 | 200,00 | (18%) 36,00 | 236,00 |
| 109 | 34640000-5 | Сијалица за фар за СЕАТ - ИБИЦА (бензин) со вклучена работна рака | Парче | 1,00 | 350,00 | 350,00 | (18%) 63,00 | 413,00 |
| 110 | 34640000-5 | Сијалица за позиција за СЕАТ - ИБИЦА (бензин) со вклучена работна рака | Парче | 1,00 | 150,00 | 150,00 | (18%) 27,00 | 177,00 |
| 111 | 34640000-5 | Возачка метлица за СЕАТ - ИБИЦА (бензин) со вклучена работна рака | Парче | 1,00 | 700,00 | 700,00 | (18%) 126,00 | 826,00 |
| 112 | 34640000-5 | Совозачка метлица за СЕАТ - ИБИЦА (бензин) со вклучена работна рака | Парче | 1,00 | 500,00 | 500,00 | (18%) 90,00 | 590,00 |
| 113 | 34640000-5 | Јабучица за СЕАТ - ИБИЦА (бензин) со вклучена работна рака | Парче | 1,00 | 1.000,00 | 1.000,00 | (18%) 180,00 | 1.180,00 |
| 114 | 34640000-5 | Стабилизатор за СЕАТ - ИБИЦА (бензин) со вклучена работна рака | Парче | 1,00 | 800,00 | 800,00 | (18%) 144,00 | 944,00 |
| 115 | 34640000-5 | Сајла за рачна кочница за СЕАТ - ИБИЦА (бензин) со вклучена работна рака | Парче | 1,00 | 1.000,00 | 1.000,00 | (18%) 180,00 | 1.180,00 |
| 116 | 34640000-5 | Гумица за баланштагла за СЕАТ - ИБИЦА (бензин) со вклучена работна рака | Парче | 1,00 | 300,00 | 300,00 | (18%) 54,00 | 354,00 |
| 117 | 34640000-5 | Буфер за виљушка - заден за СЕАТ - ИБИЦА (бензин) со вклучена работна рака | Парче | 1,00 | 500,00 | 500,00 | (18%) 90,00 | 590,00 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 118 | 34640000-5 | Чаура за виљушка - преден за СЕАТ - ИБИЦА (бензин) со вклучена работна рака | Парче | 1,00 | 400,00 | 400,00 | (18%) 72,00 | 472,00 |
| 119 | 34640000-5 | Црево за вода за СЕАТ - ИБИЦА (бензин) со вклучена работна рака | Парче | 1,00 | 600,00 | 600,00 | (18%) 108,00 | 708,00 |
| 120 | 34640000-5 | Црево за гориво за СЕАТ - ИБИЦА (бензин) со вклучена работна рака | Парче | 1,00 | 400,00 | 400,00 | (18%) 72,00 | 472,00 |
| 121 | 34640000-5 | Термостат за СЕАТ - ИБИЦА (бензин) со вклучена работна рака | Парче | 1,00 | 1.200,00 | 1.200,00 | (18%) 216,00 | 1.416,00 |
| 122 | 34640000-5 | Куќиште за термостат за СЕАТ - ИБИЦА (бензин) со вклучена работна рака | Парче | 1,00 | 2.000,00 | 2.000,00 | (18%) 360,00 | 2.360,00 |
| 123 | 34640000-5 | Зглоб за тркало за СЕАТ - ИБИЦА (бензин) со вклучена работна рака | Парче | 1,00 | 3.300,00 | 3.300,00 | (18%) 594,00 | 3.894,00 |
| 124 | 34640000-5 | Комплет ретровизор за СЕАТ - ИБИЦА (бензин) со вклучена работна рака | Парче | 1,00 | 3.500,00 | 3.500,00 | (18%) 630,00 | 4.130,00 |
| 125 | 34640000-5 | Носач на заден брисач со метлица за СЕАТ - ИБИЦА (бензин) со вклучена работна рака | Парче | 1,00 | 1.300,00 | 1.300,00 | (18%) 234,00 | 1.534,00 |
| 126 | 34640000-5 | Бомбина за СЕАТ - ИБИЦА (бензин) со вклучена работна рака | Парче | 1,00 | 5.000,00 | 5.000,00 | (18%) 900,00 | 5.900,00 |
| 127 | 34640000-5 | Заден лонец за издув за СЕАТ - ИБИЦА (бензин) со вклучена работна рака | Парче | 1,00 | 4.000,00 | 4.000,00 | (18%) 720,00 | 4.720,00 |
| 128 | 34640000-5 | Црево за одушок за СЕАТ - ИБИЦА (бензин) со вклучена работна рака | Парче | 1,00 | 300,00 | 300,00 | (18%) 54,00 | 354,00 |
| 129 | 34640000-5 | Акумулатор за СЕАТ - ИБИЦА (бензин) со вклучена работна рака | Парче | 1,00 | 5.500,00 | 5.500,00 | (18%) 990,00 | 6.490,00 |
| 130 | 34640000-5 | Лагер за предно тркало за СЕАТ - ИБИЦА (бензин) со вклучена работна рака | Парче | 1,00 | 1.800,00 | 1.800,00 | (18%) 324,00 | 2.124,00 |
| 131 | 34640000-5 | Лагер за задно тркало за СЕАТ - ИБИЦА (бензин) со вклучена работна рака | Парче | 1,00 | 2.800,00 | 2.800,00 | (18%) 504,00 | 3.304,00 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 132 | 34640000-5 | Панцир црево за СЕАТ - ИБИЦА (бензин) со вклучена работна рака | Парче | 1,00 | 2.000,00 | 2.000,00 | (18%) 360,00 | 2.360,00 |
| 133 | 34640000-5 | Давач на притисок на масло за СЕАТ - ИБИЦА (бензин) со вклучена работна рака | Парче | 1,00 | 400,00 | 400,00 | (18%) 72,00 | 472,00 |
| 134 | 34640000-5 | Црево за вакум за СЕАТ - ИБИЦА (бензин) со вклучена работна рака | Парче | 1,00 | 550,00 | 550,00 | (18%) 99,00 | 649,00 |
| 135 | 34640000-5 | Батерија за клуч за СЕАТ - ИБИЦА (бензин) со вклучена работна рака | Парче | 1,00 | 400,00 | 400,00 | (18%) 72,00 | 472,00 |
| 136 | 34640000-5 | Фар преден за СЕАТ - ИБИЦА (бензин) со вклучена работна рака | Парче | 1,00 | 3.500,00 | 3.500,00 | (18%) 630,00 | 4.130,00 |
| 137 | 34640000-5 | Прекинувач за четири трепкачи за СЕАТ - ИБИЦА (бензин) со вклучена работна рака | Парче | 1,00 | 300,00 | 300,00 | (18%) 54,00 | 354,00 |
| 138 | 34640000-5 | Водна пумпа за СЕАТ - ИБИЦА (бензин) со вклучена работна рака | Парче | 1,00 | 2.800,00 | 2.800,00 | (18%) 504,00 | 3.304,00 |
| 139 | 34640000-5 | Канален ремен за СЕАТ - ИБИЦА (бензин) со вклучена работна рака | Парче | 1,00 | 1.000,00 | 1.000,00 | (18%) 180,00 | 1.180,00 |
| 140 | 34640000-5 | Затегач за канален ремен за СЕАТ - ИБИЦА (бензин) со вклучена работна рака | Парче | 1,00 | 4.000,00 | 4.000,00 | (18%) 720,00 | 4.720,00 |
| 141 | 34640000-5 | Ладилник за СЕАТ - ИБИЦА (бензин) со вклучена работна рака | Парче | 1,00 | 3.000,00 | 3.000,00 | (18%) 540,00 | 3.540,00 |
